323.1(049.3)
316.722(049.3)
JCP2025

# ЗАЕДНИЧКО ДЕЛО ИСПОЛНЕТО СО ПОЛЕМИКИ

(Ангелина Бановиќ-Марковска, Златко Крамариќ, *И повторно политика, култура, идентитет: интеркултурен дијалог 2*, МИ-АН, Скопје, 2024, 396 стр.)

# JOINT WORK FILLED WITH POLEMICS

(Angelina Banović-Markovska, Zlatko Kramarić, *Once Again Politics, Culture, Identity: Intercultural Dialogue 2*, MI-AN, Skopje, 2024, pp. 396)

**Славчо Ковилоски**
Институт за македонска литература, Скопје
slavcho.koviloski@outlook.com

**Slavcho Koviloski**
Institute of Macedonian Literature, Skopje
slavcho.koviloski@outlook.com

Книгата *И повторно политика, култура, идентитет: интеркултурен дијалог 2*, претставува продолжение, односно втор дел на изданието *Политика. Култура. Идентитет: интеркултурен дијалог* (Скопје: Магор, 2012; хрватско издание – 2013 година). Во првата книга, авторите на читателите им предочија дека заедничкото издание е реализирано со задоволството од неповторливото искуство, наречено заедничко пишување, проследено со моменти кога со прекумерна полемичка страст и без никакво чувство за толеранција, меѓусебно се убедувале во точноста на сопствените и во погрешноста на туѓите тези. Можеме да претпоставиме дека и вторава книга, во чија чест се одржува денешнава промоција, е настаната на истиот начин.

Резултатот од ваквите полемички страсти се сведува на еден сублимат којшто го наведуваат и самите автори, во воведните обраќања на двете книги, и тоа речиси идентично. Тоа е заклучокот дека тоталитарната свест не им е туѓа дури ни на оние што се гледаат себеси како либерали. Ова „либерали“ отвора низа прашања, па во зависност од историскиот период, се толкувало различно: Што се тоа либерали? Што е тоа либерализам? Дали либералите

истовремено се и анархисти, дали либерализмот се наоѓа во директен судир со конзерватизмот, или и двата поими можат да коегзистираат без поголеми проблеми во исто општество? итн.

Што се однесува на претходно споменатите меѓусебни натпревари на идеи, согласни сме дека „полемиката како начин на комуникација не им е својствена на тоталитарните општества. Тоа се општества во кои преовладува монолошкиот дискурс, општества во кои мислите на тие што владеат се и владејачки мисли, а сè што останува зад тој дискурс, што претставува ’разлика‘ во однос на допуштеното мислење, насилно се делегитимира. За разлика од тоталитарните општества, во плуралистичките може да се говори слободно, можно без страв да се оспоруваат туѓите мислење. Во плуралистичките општества ’правото на разлика‘ се промовира како пожелен модус на мислење и на дејствување“.

Ангелина Бановиќ-Марковска совршено го затвора кругот, иако всушност така ја започнува книгата, со ставот дека „историјата којашто ни е позната изобилува со различни видови ропства. Тие може да попримат форма на верски фанатизам или на политички екстремизам, но во основа своето постоење ѝ го должат на една опсесивна и опресивна идеологија, чија крајна цел е да завладее со светот. Станува збор за тоталитаризмот, кој својата доминација ја темели на сугестивните способности на Водачот, чиишто стратегии, засновани на манипулација и насилство, создаваат специфична илузија и слепа лојалност кај толпите, консолидирајќи ја својата апсолутна моќ“.

Содржински, книгата е сочинета од повеќе поглавја, кои наизменично ги пишуваат Бановиќ-Марковска и Крамариќ. Малку на македонски, малку на хрватски јазик, исчитуваме размисли кои, во прв ред, според нас, се однесуваат на идентитетот/идентитетите од книжевен, историски и книжевноисториски аспект, но и со антрополошки, односно хуманистички предлошки. На изданието „И повторно: Политика. Култура. Идентитет“ може да се гледа и како на оригинален филозофско-политиколошки труд, којшто исцртува неколку различности: етнички, културни, полови и општествени, со оглед на профилите на авторите, нивните местоживеалишта и (не)припадностите на меѓународни економски и политички организации. И, сметаме дека токму во овие разлики можеме да ги пронајдеме најдобрите примери на дебата меѓу двајца врвни интелектуалци.

Кај сите „луѓе од Истокот“, како што Дубравка Угрешиќ ги нарекува некогашните жители на социјалистичка Европа и на поранешна Југославија, се јавуваат особени чувства кога станува збор за две нешта: за нивното минато и за заедничкиот живот. Бановиќ-Марковска тоа го доведува во контекст на искуствата од минатото и на вредностите на сегашноста, односно, наједноставно кажано, на меморијата. Овој латински збор *memoria*, којшто е сроден со грчкото *мнеме*, се однесува на помнењето, нешто што е силно изразено кај балканските народи, понекогаш во позитивна смисла, но многу почесто во негативна смисла, којашто предизвикува стари романтичарски занеси за големи народи, за големи држави итн. Ова мемирирање како да се случува со помош на потсвесна, а можеби и свесна вештина, наречена мномотехника, која озвозможува поврзување на зборови и слики, со цел знаењето да се запамети потсвесно. Една мала дигресија, токму благодарение на мнемотехниката, познати се повеќе талентирани македонски народни пејачки, како Митра Ристова, Парашкева Сирлешчова и Дафина од Просеник и зачувани се едни од најубавите македонски народни умотворби. Бановиќ-Марковска забележува дека со смената на генерациите, се менува и профилот на помнењето. Порано тоа било побавно, но сега, со целосната глобализација, Интернетот и вештачката интелигенција, многу побрзо исчезнуваат генерациите коишто изворно се сеќаваат на конкретен историски настан или на некој културен феномен, исчезнува и „спојната конструкција на сеќавањето“ за заедничкото минато, без разлика дали тоа било трауматично или славно.

Ова нè доведува до едно прашање, особено важно за нас: „Можно ли е да изчезнат нациите“, односно, во случајов, македонската нација? Од минатото е познато дека исчезнале

голем број народи. Сепак, социолошкиот и политиколошкиот поим дава на знаење дека поимот народ е малку порзличен од нација, бидејќи нациите не се само збир на луѓе со исто потекло, туку историски создадена општествено-економска, културна и политичка заедница, врз основа на заедничка територија, јазик, минато, традиција итн., силно проникната со свест за заедничка припадност. Значи, повторно, меморија, но и идентитет. Крамариќ наведува неколкумина автори кои се наклонети кон „националниот песимизам", но не се согласува со тој „апокалиптичен дискурс" дека македонската нација ќе изчезне набрзо, или толку брзо.

Историјата покажа колку Френсис Фукујама не беше во право кога со паѓањето на Берлинскиот ѕид, односно со завршувањето на Студената војна, во својата книга со звучен наслов, го предвидуваше „крајот на историјата". Историјата, се чини, никогаш не може да има крај, односно нема да има крај сѐ додека човекот, како општествено битие, има разум и свест, односно умее да ги запишува настаните што се случувале пред него. Разумот и свеста, всушност, се однесуваат на егото, суперегото и идот. Притоа, при притаено внатрешно вриење, но и при ерупција на чувствата на протагонистите на настаните, основните нагони веќе не познаваат никакви вредности: нема морал, добро и зло. Постојат само инстинкти со потреба за празнење, што го означуваат почетокот на деструктивните сили.

Токму тука можеме да најдеме и еден од последните заклучоци, со кои Крамариќ го завршува својот текст „И после Тито – Тито", со кој воедно завршува книгата. Крамариќ ги наведува оправдувањата кои на поединци, како Владимир Путин и Слободан Милошевиќ, им служеле и им служат за агресија врз своите соседи – дека „тоа го прават исклучиво поради заштита на припадниците на своите малцинства во тие држави" (Украина и Хрватска). Меѓутоа, како што можеме да видиме и денес, историјата покажала и сѐ уште покажува дека, освен директните воени дејствија, постојат и поинакви начини за агресија врз своите помали и помалку вмрежени соседи во меѓународните заедници.

Ние не смееме да очајуваме, и покрај сите мали локални закачки и сите големи светски нереди. „Но, пред тоа, би морале да одговориме на уште едно прашање: што светот (сѐ) може да очекува по Путин/Трамп? Потоп или трулеж?" Овој завршеток нам не ни создава многу оптимистична слика за светот во иднина. Дали „новиот светски поредок", којшто последниве години се најавува постојано, ќе значи и ново читање на историјата, некоја нова книжевна теорија, дали ќе го уништи колективното сеќавање и ќе значи нов подем на индивидуализмот? Ова можно циклично движење на историјата, горе-долу, сега би било многу побрзо во однос на претходните децении, а да не зборуваме за претходните векови.

Всушност, размислите на Ангелина Бановиќ-Марковска и Златко Крамариќ, освен што даваат одговори, отвораат уште повеќе прашања. Сепак, едно е јасно, дури и при целосен потоп или трулеж, на овој или на оној начин, според нас, крајот на историјата нема да се случи, и таа ќе продолжи да се тркала по својот пат, без разлика колку и да ни изгледа нелогичен.